**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е пропишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Внатрешното упатство содржи:**


1. *Што претставува Есомепразол Лек и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете пред да го употребите Есомепразол Лек*
3. *Како да го употребувате Есомепразол Лек*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на Есомепразол Лек*


# Esomeprazol Lek® / Есомепразол Лек® 20 mg гастрорезистентни таблети
# Esomeprazol Lek® / Есомепразол Лек® 40 mg гастрорезистентни таблети

ESOMEPRAZOLE

Активната супстанција е есомепразол.
Помошни супстанции:

Таблетно јадро: сахароза, пченкарен скроб, течна глукоза, хидроксипропил целулоза, повидон, талк, титаниум диоксид (Е171), кополимер на метакрилна киселина и етил акрилат (1:1), глицерол моностеарат, пропилен гликол, стеаринска киселина, полисорбат 80, симетикон, микрокристална целулоза, макрогол 6000, кросповидон, колоидна анхидридна силика, магнезиум стеарат.

Филм обвивка: хипромелоза, макрогол 6000, талк, титаниум диоксид (Е171), железо оксид (Е172).

*Само за Есомепразол Лек 20 mg:* дополнително и железо оксид, жолт (Е 172).

Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет: Лек Скопје Дооел, Перо Наков бр.33, Скопје, Р. Македонија.

Име и адреса на производителот: Salutas Pharma GmbH, Otto-von-Guerike-Allee 1, 39179, Барлебен, Германија.

## 1. Што претставува Есомепразол Лек и за што се употребува

1 гастрорезистентна таблета содржи 20 mg есомепразол во форма на магнезиум дихидрат.

1 гастрорезистентна таблета содржи 40 mg есомепразол во форма на магнезиум дихидрат.

Содржина на пакувањето:
Кутија со 28 гастрорезистентни таблети во блистер пакување (4 x 7) кои содржат 20 mg есомепразол.
Кутија со 28 гастрорезистентни таблети во блистер пакување (4 x 7) кои содржат 40 mg есомепразол.

Есомепразол Лек содржи активна супстанција наречена есомепразол. Припаѓа во групата на лекови наречени „инхибитори на протонска пумпа". Тие дејствуваат преку намалување на количеството на киселина која желудникот ја произведува.

Есомепразол Лек е наменет за третман на следните состојби:

Кај возрасни:
а) гастроезофагеална рефлуксна болест. Ова е состојба при која киселината од желудникот протекува во хранопроводот (цевка која го поврзува грлото со желудникот) и предизвикува болка, воспаление и киселина во желудникот.

б) улкуси во желудникот или горниот дел на цревата/дванаесетпалечното црево кои се инфицирани со бактерија наречена *Helicobacter pylori* . Доколку ја имате оваа состојба, Вашиот лекар може да Ви пропише и антибиотици за третман на инфекцијата и заздравување на улкусите.

в) стомачни улкуси предизвикани од лекови наречени NSAIDs (нестероидни антиинфламаторни лекови). Есомепразол Лек може да се употребува и за спречување на појава на стомачни улкуси при употреба на NSAIDs.

г) прекумерно количество на киселина во желудникот предизвикано од тумор во панкреасот (Zollinger-Ellison-ов синдром).

д) продолжен третман по превенција на повторено крварење на улкуси со интравенски есомепразол.

Кај адолесценти на возраст од 12 години и постари:
а) гастроезофагеална рефлуксна болест. Ова е состојба при која киселината од желудникот протекува во хранопроводот (цевка која го поврзува грлото со желудникот) и предизвикува болка, воспаление и киселина во желудникот.

б) улкуси во желудникот или горниот дел на цревата/дванаесетпалечното црево кои се инфицирани со бактерија наречена *Helicobacter pylori* . Доколку ја имате оваа состојба, Вашиот лекар може да Ви пропише и антибиотици за третман на инфекцијата и заздравување на улкусите.

## 2. Што треба да знаете пред да употребите Есомепразол Лек

**Немојте да го употребувате Есомепразол Лек, ако:**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

- сте **алергични** (преосетливи) на есомепразол или на некоја од помошните состојки на лекот;
- сте **алергични** на слични лекови кај кои името на активната компонента завршува на „празол“ (пр. пантопразол, лансопразол, рабепразол,омепразол);
- земате лекови кои ја соджат активната компонента **нелфинавир,** лек кој се користи за третман на HIV инфекции.

Не земајте Есомепразол Лек доколку било што од горенаведеното се однесува на вас. Доколку не сте сигурни, контактирајте го Вашиот лекар или фармацевт пред да земете Есомепразол Лек.

**Бидете посебно внимателни со Есомепразол Лек ако:**
- имате тешки проблеми со бубрезите;
- имате тешки проблеми со црниот дроб;
- треба да извршите специфична крвна анализа (Хромогранин А);
- некогаш сте имале кожна реакција по третман со лекови слични на Есомепразол Лек кои ја намалуваат желудочната киселина.

Доколку имате појава на исип на Вашата кожа, особено на деловите кои се изложени на сонце, контактирајте го Вашиот лекар што е можно поскоро, бидејќи може да биде потребно да го прекинете третманот со Есомепразол Лек. Известете го Вашиот лекар доколку имате и други несакани ефекти, како болка во зглобовите.

Есомепразол Лек може да ги прикрие симптомите на други заболувања. **Поради тоа, доколку осетите било што од долунаведеното пред да почнете со употреба на Есомепразол Лек или за време на неговата употреба, веднаш контактирајте го Вашиот лекар**:
- ако без причина сте имале нагло намалување на телесната тежина и имате потешкотии со голтањето;
- ако имате желудочни болки или индигестија;
- ако почнете да повраќате храна или крв;
- ако имате црна столица (фецес со дамки од крв).

Доколку Есомепразол Лек Ви е препишан “по потреба”, треба да го контактирате Вашиот лекар ако симптомите продолжат или се променат.

Земањето на инхибитори на протонска пумпа како Есомепразол Лек, особено во временски период од повеќе од една година, може малку да го зголеми ризикот од појава на фрактура на колкот, зглобовите или ‘рбетот.
Посоветувајте се со лекар доколку имате остеопороза или доколку земате кортикостероиди (кои можат да го зголемат ризикот од појава на остеопороза).

Ве молиме да се посоветувате со лекар и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас било кога во минатото.

**Деца**
Употребата на Есомепразол Лек не се препорачува кај деца под 12 години, поради тоа што не постојат доволно податоци.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ

**Бременост и доење**
Докопку сте бремени или доите, мислите дека сте бремени или планирате бременост, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го употребите овој лек.

**Бременост**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*
Вашиот лекар ќе одлучи, дали Вие можете да го употребувате Есомепразол Лек за време на бременост.

**Доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*
Не е познато дали Есомепразол Лек се излачува во мајчиното млеко. Затоа, не треба да го употребувате Есомепразол Лек за време на доење.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**
Многу мала е веројатноста дека Есомепразол Лек би влијаел врз способноста за возење или ракување со алати или машини. Меѓутоа, може да се појават помалку чести или ретки несакани ефекти како вртоглавица и замаглен вид (видете дел 4 "Можни несакани дејства"). Доколку сте засегнати, не треба да возите или да ракувате со машини.

**Важни информации за некои составни компоненти на Есомепразол Лек**
Лекот содржи глукоза и сахароза. Ако Ви е кажано од Вашиот лекар дека **не поднесувате некои шеќери**, пред да го употребите овој лек контактирајте го лекарот.

**Употребување на други лекови**
Ве молиме да имате во вид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.
Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт. Ова е важно, бидејќи Есомепразол Лек може да влијае врз начинот на дејство на накои лекови, и некои лекови може да влијаат врз начинот на дејство на Есомепразол Лек.

Немојте да го земате Есомепразол Лек доколку земате нелфинавир (лек за третман на ХИВ инфекции).

Следните лекови може да влијаат врз или да бидат под влијание на Есомепразол Лек:
- **атазанавир** (се користи за третман на  HIV инфекции);
- **дигоксин** (се користи за третман на срцеви заболувања);
- **рифампицин** (антибиотик кој се користи за третман на туберкулоза);
- **кантарион** (хербален лек кој се користи за третман на депресија);

- **кетоконазол, итраконазол или вориконазол** (се користат за третман на инфекции предизвикани од габи). Доколку е неопходно, лекарот ќе ја прилагоди дозата на Есомепразол Лек кај пациенти со континуиран третман и пациенти со тешка намалена функција на црниот дроб;
- **ерлотиниб** (се користи за третман на некои типови на канцер);
- лекови кои се метаболизираат преку специфични ензими како:
    - **диазепам** (седатив, се користи за смирување и спиење), **циталопрам, имипрамин или кломипрамин** (се користат за третман на депресија);
    - **фенитоин** (се користи за третман на епилепсија и одредени состојби на болка).

Доколку е неопходно, Вашиот лекар ќе ја намали дозата на овие лекови, особено при повремена примена. Доколку земате фенитоин, Вашиот лекар ќе ги следи нивоата на фенитоин во крв, особено при почетокот и крајот на третманот со Есомепразол Лек.

- **варфарин, фенпрокумон, аценокумарол**, (се користат за превенција на нормална коагулација на крвта). Вашиот лекар ќе ги следи нивоата на коагулација на крвта, особено на почетокот и крајот на третманот со Есомепразол Лек;
- **цилостазол** (се користи за третман на интермитентна клаудикација – болки во нозете при движење кои се предизвикани од недоволен доток на крв до мускулите);
- **цисаприд** (се користи за третман на стомачни и цревни нарушувања);
- **метотрексат** (хемотерапевтски лек кој се користи во високи дози за третман на канцер) доколку користите високи дози на метотрексат Вашиот лекар може привремено да ја прекине терапијата со Есомепразол Лек;
- **клопидогрел** (се користи за превенција на атеротромботични настани, на пр. срцев или мозочен удар);
- **такролимус** (се користи после трансплантација на органи за спречување на отфрлање на органот).

Доколку Вашиот лекар Ви препишал антибиотик како амоксицилин или кларитромицин заедно со Есомепразол Лек за третман на улкуси предизвикани од инфекција со *Helicobacter pylori,* многу е важно да го известите Вашиот лекар доколку земате некои други лекови.

## 3. Како да се употребува Есомепразол Лек

Строго придржувајте се кон упатствата на лекарот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со лекар.

- есомепразол Лек не се препорачува за употреба кај деца под 12 години;
- доколку го употребувате овој лек долг временски период, Вашиот лекар ќе сака да Ве следи (особено доколку го употребувате подолго од една година);
- доколку Вашиот лекар Ви каже да го земате овој лек по потреба, контактирајте го ако Вашите симптоми се променат.

<u>Дозирање</u>

- Вашиот лекар ќе Ви каже колку таблети да земате и колку долго да ги употребувате. Ова ќе зависи од вашата состојба, возраст и работата на вашиот црн дроб.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

- Вообичаените дози се дадени подолу

*a)Возрасни*

**За третман на киселина во желудникот предизвикана од гастроезофагеална рефлуксна болест:**

- Доколку Вашиот лекар открие дека имате оштетување на хранопроводот, вообичаената доза е една Есомепразол Лек гастро-резистентна таблета од 40 mg еднаш на ден во времетраење од 4 недели. Вашиот лекар може да Ви каже да ја земате истата доза подолго од 4 недели доколку хранопроводот не Ви е заздравен.
- По заздравување на хранопроводот вообичаената доза е една Есомепразол Лек гастро-резистентна таблета од 20 mg еднаш на ден.
- Доколку Вашиот хранопровод не е оштетен, вообичаената доза е една Есомепразол Лек гастро-резистентна таблета од 20 mg секој ден. Откако состојбата ќе биде ставена под контрола Вашиот лекар може да Ви каже да го земате овој лек по потреба, до максимум од една Есомепразол Лек гастро-резистентна таблета од 20 mg секој ден.
- Доколку имате тешки црнодробни нарушувања, Вашиот лекар може да Ви даде помала доза.

**За третман на улкуси предизвикани од *Helicobacter pylori* и за спречување на нивно повторно појавување:**

- Вообичаената доза е една Есомепразол Лек гастро-резистентна таблета од 20 mg два пати на ден во времетраење од една недела.
- Вашиот лекар ќе Ви каже да земате и антибиотици, на пример амоксицилин и кларитромицин.

**За третман на желудочни улкуси предизвикани од нестероидни антиинфламаторни лекови (NSAIDs):**

- Вообичаената доза е една Есомепразол Лек гастро-резистентна таблета од 20 mg еднаш на ден во времетраење од 4 до 8 недели.

За превенција на желудочни улкуси доколку земате нестероидни антиинфламаторни лекови (NSAIDs):

- Вообичаената доза е една Есомепразол гастро-резистентна таблета од 20 mg еднаш на ден.

**За третман на прекумерно количество киселина во желудникот предизвикано од тумори во панкреасот (Zollinger-Ellison-ов синдром):**

- Вообичаената доза е една Есомепразол Лек гастро-резистентна таблета од 40 mg два пати на ден.
- Вашиот лекар ќе Ви ја прилагоди дозата во зависност од вашите потреби и ќе одлучи колку долго ќе треба да го употребувате лекот. Максималната доза е 80 mg два пати на ден.

**Пролонгиран третман по превенција на повторено крварење на улкуси со интравенски есомепразол:**

- Вообичаената доза е една Есомепразол Лек гастрорезистентна таблета од 40 mg еднаш на ден во времетраење од 4 недели.

СКОПЈЕ

*б) Адолесценти (12 години и постари)*

**За третман на киселина во желудникот предизвикана од гастроезофагеална рефлуксна болест:**

- Доколку Вашиот лекар открие дека имате оштетување на хранопроводот, вообичаената доза е една Есомепразол Лек гастро-резистентна таблета од 40 mg еднаш на ден во времетраење од 4 недели. Вашиот лекар може да Ви каже да ја земате истата доза подолго од 4 недели доколку хранопроводот не Ви е се уште заздравен.
- По заздравување на хранопроводот вообичаената доза е една Есомепразол Лек гастро-резистентна таблета од 20 mg еднаш на ден.
- Доколку Вашиот хранопровод не е оштетен, вообичаената доза е една Есомепразол Лек гастро-резистентна таблета од 20 mg секој ден. Откако состојбата ќе биде ставена под контрола Вашиот лекар може да Ви каже да го земате овој лек по потреба, до максимум од една Есомепразол Лек гастро-резистентна таблета од 20 mg секој ден.
- Доколку имате тешки црнодробни проблеми, Вашиот лекар може да Ви даде помала доза.

**За третман на улкуси предизвикани од *Helicobacter pylori* и за спречување на нивно повторно појавување:**

- Вообичаената доза е една Есомепразол Лек гастро-резистентна таблета од 20 mg два пати на ден во времетраење од една недела.
- Вашиот лекар ќе Ви каже да земате и антибиотици, на пример амоксицилин и кларитромицин.

**Земање на лекот:**

- Можете да ги земате таблетите во било кој дел од денот.
- Можете да ги земате таблетите со храна или на празен желудник.
- Проголтајте ги таблетите цели со течност (чаша вода). Таблетите не треба да ги џвакате или гмечите. Ова е така, бидејќи таблетите содржат обложени пелети кои не дозволуваат лекот да се распадне од киселината во желудникот. Важно е да не се оштетат пелетите.

Есомепразол Лек 40 mg

**Упатства за делење на таблетата:**

Таблетата може да се подели на еднакви дози. Поделете ја таблетата како што е прикажано на сликата:











**Што треба да направите доколку имате потешкотии со голтањето на таблетите:**

Доколку имате потешкотии со голтањето на таблетите:

- ставете ги во чаша со (неминерална) вода. Не користете други течности.
- мешајте додека таблетите не се распаднат (течноста нема да биде бистра). Потоа испијте ја течноста веднаш или во рок од 15 минути. Секогаш промешајте ја течноста непосредно пред да ја испиете.
- за да бидете сигурни дека сте го испиле целиот лек, проплакнете ја чашата со пола чаша вода и испијте ја. Цврстите парчиња го содржат лекот – не ги џвакајте или кршете.

Доколку воопшто не можете да голтате, таблетата може да се промеша со вода и да се стави во шприц. Потоа може да Ви биде администрирана преку сонда директно во желудникот (гастрична сонда).

**Ако сте земале поголема доза од Есомепразол Лек отколку што треба:**

*Ако сте земале поголема доза од Есомепразол Лек отколку што треба, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте заборавиле да го земете Есомепразол Лек:**

*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.*

Во случај да заборавите да го земете лекот во определеното време, тоа треба да го сторите колку што е можно побрзо. Меѓутоа, доколку е близу времето за земање на наредната доза, потребно е да се земе само наредната доза.

**Ако престанете да го земате Есомепразол Лек**

Секогаш земајте ја пропишаната доза онолку долго колку Вашиот лекар Ви има пропишано. Испрекинување или престанување на третманот без совет од Вашиот лекар може да го намали успехот на терапијата.

Доколку имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, контактирајте го Вашиот лекар или фармацевт.

## 4. Можни несакани дејства

*Како и сите лекови, Есомепразол Лек може да има несакани дејства, иако не се јавуваат кај секој.*

**Доколку забележите некои од следните сериозни несани дејства, престанете да го употребувате лекот и веднаш контактирајте го Вашиот лекар:**

- Ненадејни потешкотии во дишењето, отекување на усните, јазикот и грлото или телото, исип, премаленост или потешкотии со голтањето (тешка алергиска реакција) (ретки: може да се јават до 1 од 1.000 лекувани пациенти).
- Вцрвенување на кожата со пликови или лупење. Може да се појават тешки пликови, крварење на усните, очите, устата, носот и гениталиите или висока телесна температура и болки во зглобовите. Ова може да биде „еритема мултиформа", Stevens-Johnson-ов синдром" или „токсична епидермална некролиза" (многу ретки: може да се јават до 1 од 10.000 лекувани пациенти).
- Жолта кожа, темна урина и замор кои можат да бидат симптоми на црнодробни проблеми (многу ретки: може да се јават до 1 од 10.000 лекувани пациенти).
- Овој лек може, во многу ретки случаи, да влијае врз белите крвни клетки и да доведе до имунолошка дефициенција. Доколку имате инфекција со симптоми како треска со тешко **влошена/намалена** општа состојба или треска со симптоми на локална инфекција како болка во вратот, грлото или устата или потешкотии во мокрењето, треба да се посоветувате со Вашиот лекар што е можно поскоро со цел недостаток на бели крвни клетки (агранулоцитоза) да биде исклучен со крвна анализа. Во овој случај, важно е да дадете информации за Вашиот лек (многу ретки: може да се јават до 1 од 10.000 лекувани пациенти).
- Тешки црнодробни проблеми кои можат да доведат до оштетување на црниот дроб и болест на мозокот која може да предизвика да бидете збунети или да се однесувате чудно и/или да се чувствувате поспано (енцефалопатија) (многу ретки: може да се јават до 1 од 10.000 лекувани пациенти).

**Другите несакани дејства вклучуваат:**

**Чести ( може да се јават до 1 од 10 лекувани пациенти):**

- главоболка,
- несакани дејства на вашиот желудник или црева: дијареа, стомачна болка, констипација (запек), флатуленција (надуеност на стомакот),
- чувство на лошење (наузеа) или лошење (повраќање),
- бенигни полипи во желудникот.

**Помалку чести (може да се јават до 1 од 100 лекувани пациенти):**

- отекување на дланките, стапалата и глуждовите,
- нарушен сон,
- поспаност,
- чувство на трпкање и пецкање,
- вртоглавица,
- сува уста,
- промени во крвните тестови кои ја покажуваат работата на црниот дроб,

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

- промени на кожата, како што е кожен исип, чешање, исип (знаци слични на допир со коприва),
- скршеници на колк, зглоб или 'рбетен столб (доколку овој лек се користи во високи дози и во подолг временски период),
- чувство на вртење (вертиго).

- **Ретки ( може да се јават до 1 од 1000 лекувани пациенти):**
- проблеми со крвта како што е намален број на бели крвни клетки и тромбоцити (ова може да предизвика слабост, појава на модринки или може да ја зголеми веројатноста за појава на инфекции),
- ниско ниво на натриум во крвта (ова може да предизвика слабост, лошење (повраќање) и грчеви),
- чувство на агитираност, конфузија или депресија,
- променет вкус,
- проблеми со видот како што е замаглен вид,
- изненадно отежнато дишење или краток здив (бронхоспазам – констрикција на дишните патишта),
- воспаление во усната празнина,
- инфекција која може да ги зафати цревата, а е предизвикана од габи,
- опаѓање на косата (алопеција),
- кожен исип при изложување на сонце,
- болка во зглобовите или мускулна болка,
- општо чувство на замор,
- зголемено потење.

**Многу ретки ( може да се јават до 1 од 10.000 лекувани пациенти):**
- еднаков недостаток на бели и црвени крвни клетки и тромбоцити,
- агресивност,
- гледање, чувствување или слушање работи кои не се присутни (халуцинации),
- мускулна слабост,
- сериозни проблеми со бубрезите,
- зголемување на градите кај мажите.

**Непозната честота (честотата не може да се одреди од расположливите податоци):**
- ако го земате Есомепразол Лек подолго од три месеци можно е нивоата на магнезиум во крвта да се намалат. Ниските нивоа на магнезиум може да се манифестираат со замор, несакани мускулни контракции, дезориентираност, конвулзии, вртоглавица, забрзана срцева работа. Доколку добиете некој од овие симптоми, веднаш контактирајте го Вашиот лекар. Ниските нивоа на магнезиум исто така може да доведат и до намалување на нивоата на калиум или калциум во крвта. Вашиот лекар ќе одреди дали се потребни редовни анализи на крвта за следење на нивоата на магнезиум,
- воспаление на цревата (микроскопски колитис) што може да предизвика дијареја,
- исип, со можна појава на болка во зглобовите.

*Ако приметите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

***Пријавување на несаканите дејства***
Ако забележите какво било несакано дејство, треба да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство кое не е наведено во ова упатство. Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

Со пријавување на несаканите дејства можете да допринесете за процената на безбедноста на овој лек.

## 5. Чување на Есомепразол Лек

Да се чува на температура до $25^{0}$C.
**Лекот чувајте го на места недостапни за деца.**

**Рок на употреба**
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава во аптека само на рецепт (Р).

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Внатрешното упатство е одобрено:*

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет:**
Есомепразол Лек 20 mg: 11-4358/4
Есомепразол Лек 40 mg: 11-4359/2

***ИНФОРМАЦИИ НАМЕНЕТИ САМО ЗА ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ***
***Администрација преку желудочна сонда***

1. Ставете ја таблетата во соодветен шприц и наполнете го шприцот со приближно 25 ml вода и приближно 5 ml воздух. За некои сонди е потребна дисперзија во 50 ml вода за да се превенира запушување на сондата од пелетите.
2. Веднаш промешајте го шприцот во тек на приближно 2 минути за да се распадне таблетата.
3. Држете го шприцот со врвот нагоре и проверете врвот да не е запушен.
4. Прикачете го шприцот за сондата одржувајќи ја претходната позиција на шприцот.
5. Промешајте го шприцот и сменете ја неговата позиција со врвот надолу. Веднаш инјектирајте 5-10 ml во сондата. Преврвтете го шприцот по инјектирањето и промешајте (шприцот мора да се држи со врвот нагоре за да се избегне запушување на врвот).
6. Свртете го шприцот со врвот надолу и веднаш инјектирајте други 5-10 ml во сондата. Повторувајте ја процедурата додека шприцот не се испразни.

7. Наполнете го шприцот со 25 ml вода и 5 ml воздух и повторете ја постапката под број 5 доколку е потребно да исперете заостанат седимент во шприцот. За некои сонди се потребни 50 ml вода.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *